**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-88
18.03.**2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1114/1 од 26.02.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика од страна на Трговско радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 13-та седница одржана на 14.03.2019 година согласно Заклучокот бр.02-1306/8 од 14.03.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр.172/14), а казнива по член 147 став 1 точка 11 и став 2 од истиот Закон на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, на 23 јануари 2019 година, промотивните најави на играните програми, серијалите – "Викинзи" и "Падот" не беа обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува, и тоа:

-на 23.01.2019 година, промотивните најави на играната програма – серијал "Викинзи" емитувани во периодот од: 07:48:12 до 07:49:36 часот, 08:17:14 до 08:18:39, 09:25:28 до 09:26:52 часот, 09:49:38 до 09:51:03 часот, 10:14:43 до 10:16:08 часот, 10:56:51 до 10:58:16 часот, 12:20:52 до 12:22:16 часот, 12:54:35 до 12:55:59 часот, 13:50:49 до 13:52:06 часот, 10:44:54 до 14:02:01 часот, 14:26:35 до 14:27:43 часот, 15:01:17 до 15:02:25 часот, 15:16:35 до 15:17:46 часот, 15:57:44 до 15:58:52 часот, 17:02:17 до 17:03:16 часот, 19:15:57 до 19:17:05 часот, 20:59:50 до 21:00:57 часот и 22:01:50 до 22:02:58 часот, не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува, и

-на 23.01.2019 година, промотивните најави на играната програма – серијал "Падот" емитувани во периодот од: 07:50:04 до 07:51:03 часот, 09:27:20 до 09:28:19 часот, 09:51:30 до 09:52:29 часот, 10:16:35 до 10:17:34 часот, 10:58:43 до 10:59:42 часот, 12:22:44 до 12:23:43 часот, 12:56:26 до 12:57:25 часот, 14:03:02 до 14:04:00 часот, 15:02:59 до 15:03:58 часот, 15:19:20 до 15:20:21 часот, 21:00:58 до 21:01:56 часот, 22:02:59 до 22:03:58 часот, 22:44:08 до 22:45:07 часот и 23:10:58 до 23:11:57 часот не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија (серијал), датум на емитување, период на емитување и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1114/1 од 26.02.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 26-ти февруари 2019 година, изврши контролен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 23-ти јануари 2019 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Имено, со надзорот е констатирано дека Јавното радиодифузно претпријатие 1 ТВ ДООЕЛ Скопје во рамките на својот програмски сервис емитуван на 23 јануари 2019 година, промотивните најави на играните програми, серијалите – “Викинзи” и “Падот” не беа обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува, и тоа: на играната програма – серијал “Викинзи” во периодот од: 07:48:12 до 07:49:36 часот, 08:17:14 до 08:18:39 часот, 09:25:28 до 09:26:52 часот, 09:49:38 до 09:51:03 часот, 10:14:43 до 10:16:08 часот, 10:56:51 до 10:58:16 часот, 12:20:52 до 12:22:16 часот, 12:54:35 до 12:55:59 часот, 13:50:49 до 13:52:06 часот, 10:44:54 до 14:02:01 часот, 14:26:35 до 14:27:43 часот, 15:01:17 до 15:02:25 часот, 15:16:35 до 15:17:46 часот, 15:57:44 до 15:58:52 часот, 17:02:17 до 17:03:16 часот, 19:15:57 до 19:17:05 часот, 20:59:50 до 21:00:57 часот и 22:01:50 до 22:02:58 часот емитувани се промотивни најави кои не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува и на играната програма – серијал “Падот” во периодот од 07:50:04 до 07:51:03 часот, 09:27:20 до 09:28:19 часот, 09:51:30 до 09:52:29 часот, 10:16:35 до 10:17:34 часот, 10:58:43 до 10:59:42 часот, 12:22:44 до 12:23:43 часот, 12:56:26 до 12:57:25 часот, 14:03:02 до 14:04:00 часот, 15:02:59 до 15:03:58 часот, 15:19:20 до 15:20:21 часот, 21:00:58 до 21:01:56 часот, 22:02:59 до 22:03:58 часот, 22:44:08 до 22:45:07 часот и 23:10:58 до 23:11:57 часот емитувани се промотивни најави кои не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува. Според насоките

од Правилникот за заштита на малолетните лица, објавите (промотивните најави) за програмите на радиодифузерите не смеат да содржат описи, сцени и /или глетки што може да им нанесат штета на малолетните лица. Објавите задолжително треба да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува и објавите за програмите од петта категорија не смеат да се емитуваат пред 22:00 часот, кога е зголемена веројатноста за родителски/старателски надзор, односно кога се намалува бројноста на малолетната телевизиска публика.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е по наслов на емисија (серијал), датум на емитување, период на емитување и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1114/1 од 26.02.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје на 26.02.2019 година, испрати Допис наш арх.бр.03-88 од 26.02.2019 година со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1114/1 од 26.02.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. Во предвидениот рок, односно на 06.03.2019 година, ТРД 1 ДООЕЛ ТВ по пошта достави Изјаснување бр.0202-334 од 06.03.2019 година (наш арх.бр.03-542 од 06.03.2019 година). Советот на Агенцијата на 13-та седница одржана на 14.03.2019 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), во врска со член 50 став 3 од истиот Закон, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и членот 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 13-та седница одржана на 14.03.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-1306/8 од 14.03.2019 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1114/1 од 26.02.2019 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.